**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-09/5**
**10.05.2024 година**
**Струга**

**СОУ „Нико Нестор“-Струга**

| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 31.01.-02.02.2024 година |
| **Број на извештај:** | број 1/ југозападен/ 2024 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Наташа Пинтоска Беќароска |
| **Вид на училиштето:** | Средно општинско училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Струга |
| **Наставен јазик:** | македонски и албански |
| **Број на ученици:** | 1406 |
| **Полова структура на ученици:** | 729 машки / 677 женски |
| **Број на наставници:** | 131 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Вулнет Исмаили |
| **Директор на училиштето:** | Кети Јанкоска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 24-27 септември 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Пролетерски Бригади“ бр.49 Струга |
| **Телефон:** | 046/780-020 |
| **Факс:** | 046/780-020 |
| **e-mail:** | sou-nikonestor-struga@schools.mk |
| **оценка од интегрална евалуација** | 2,69 добро |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РСМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РСМ“ број 86/2006 година).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 31 јануари до 2 февруари 2024 година, тим од четворица државни

просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на СОУ „Нико Нестор" - Струга.

Државните просветни инспектори во текот на тридневната посета, извршија посета на наставни часови, остварија комуникација и соработка со раководниот тим на училиштето, со стручната служба, со претставници на Училишниот одбор, Советот на родители, училишната заедница, поединечни средби со ученици, родители, наставен и ненаставен кадар.

СОУ „Нико Нестор" - Струга е општинско средно училиште во кое наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик. Низ својот долгогодишен развој, училиштето претрпува повеќе трансформации. Формирано е на 09.07.1960 година со акт број 01-6954/1 од Народен одбор на општина Струга како градежно-техничко училиште со 4 паралелки на македонски наставен јазик. Во 1979/80 со интеграција на гимназијата „Браќа Миладиновци", прераснува во центар за средно образование „Нико Нестор", од тие години па се до 2006 година бележи постојан раст по однос на видот и бројот на образовни профили кога е единствена средношколска институција во општина Струга со 2700 ученици на три наставни јазици од гимназиско и стручно образование. Во 2006 година заради обемот и комплексноста на училиштето со Решение од Министерството за образование и наука и Советот на Општина Струга се врши раздвојување на две училишта по видот на образование.

Денес „Нико Нестор" е средно општинско училиште во кое се остварува воспитно-образовна работа и се реализираат различни наставни програми од: економско-правна и трговска струка/економија,право и трговија (економски техничар), градежно-геодетска струка/градежништво и геодезија (архитектонски и геодетски техничар), текстилно-кожарска струка/текстил, кожа и слични производи(техничар за изработка на облека), хемиско-технолошка струка/хемија и технологија(хемиско-технолошки техничар, хемиско-лабараториски техничар, техничар за козметички производи, прехрамбен техничар), здравствена струка/здравство и социјална заштита(медицинска сестра и гинеколошко-акушерска сестра), електротехничка струка/електотехника(електротехничар за компјутерска техника и автоматика) и угостителско-туристичка струка (готвач).

Во училиштето има двајца ученици со посебни образовни потреби со категоризација. Наставниците во дневните планирања не планираат активности за учениците со посебни образовни потреби. Има ученици и со потешкотии во учењето кои се интегрирани во редовните паралелки, но за овие ученици наставниците не изработуваат посебен индивидуален образовен план.

Училиштето преку формалните органи не планира доволно активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставници и родители, од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.

Покрај редовната настава во училиштето се планира и се реализира: дополнителна, додатна и изборна настава, проектни задачи, слободни ученички активности и вонаставни активности. Во рамките на слободните ученички активности се нудат програми од повеќе области кои ги задоволуваат интересите и желбите на учениците. Реализацијата на ученичките екскурзии се врши во согласност со насоките дадени од МОН и планот во годишната програма и програмите на стручните активи. Во училиштето се организира и реализира подготвително - консултативна настава за учениците кои полагаат дополнителни и поправни испити и за вонредни ученици кои заедно со редовните ученици се вклучени при полагање на завршен испит и државна матура.

Училиштето има регистрирано спортски клуб. Поголем број ученици се вклучени барем во една вонаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој без разлика на нивната полова, етничка и социјална припадност.

За афирмирање на вонаставните активности и на продуктите од нив постојат и се користат различни средства, како на пример: електронски медиуми, web и facebook страната на училиштето и слично.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол, години на образование и образовни профили за сите класификациони периоди на ниво на училиште, но не и за постигањата на учениците по национална структура. Постигањата на учениците редовно се следат и се преземаат мерки за нивно подобрување.

Училиштето врши идентификација за учениците со посебни потреби, учениците кои имаат потешкотии во учењето и надарените ученици. Во учебната 2023/2024 година во училиштето има 2 ученици (со документација) со посебни образовни потреби. Покрај училишниот инклузивен тим не се формирани инклузивни тимови за секој ученик и училиштето не изработува индивидуален образовен план за истите.

Училиштето има изградено политика на промовирање на училиштето и преку изработка на информативен материјал, веб страната, социјалната мрежа - фејсбук и непосредна посета ги информира учениците од основните училишта и нивните родители од општината и надвор од неа за условите за запишување во струките и образовните профили за кои се оспособуваат учениците. Соработува со родителите во однос на редовноста на учениците. Прибира податоци за отсуствата на учениците, бројот на оправдани и неоправдани изостаноци на учениците и ги анализира состојбите.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. При премин во друго училиште ги доставува информациите за ученикот, а при прием на ученик од друго училиште бара и истите информации ги зема предвид при натамошната работа на ученикот. Најголем број од учениците кои се запишале во училиштето го завршуваат образовниот циклус. Училиштето ги запознава учениците и нивните родители со правото за поднесување жалба поради повторување на учебната година.

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Училиштето им дава поддршка на наставниците за да им помогне поефикасно да ги планираат часовите.

Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на директорот и/или од стручната служба, заради задржување на континуитетот и квалитетот на истите. Секој наставник што изведува настава задолжително изготвува соодветни планирања за секој вид настава во електронска форма, усогласени со дадените наставни планови и програми на БРО и ЦСОО. Планирањата на наставниците содржат општи насоки што се очекува од учениците да научат, како и кога. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се утврдени во планирањето. За учениците со посебни образовни потреби кои се распоредени во редовната настава не се изготвуваат индивидуални наставни планови.

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства.

Буџетот се користи наменски и за цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на Училишниот одбор се јасно дефинирани во Деловникот за работа. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови. Во пракса се покажало дека во работата на училишниот одбор потешко се обезбедува присуство на членот на деловната заедница.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Активно учествува во креирањето на училишната политика, ја дефинира визијата и стратегијата на училиштето, ја надгледува реализацијата, промовира развој и одржува отворен контакт помеѓу училиштето и интересите на заедницата.

Раководниот орган добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од најголемиот број на субјекти во него. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајќи се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот.

Директорот има професионален однос кон работата, добра комуникација со вработените и се грижи за нивниот професионален развој. Преку ангажирање на поголем број на субјекти во училиштето настојува да го подигне квалитетот на наставата. Воспоставува соработка во непосредната и пошироката заедница вклучувајќи партнерства и со други училишта од државата.

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во СОУ„Нико Нестор“ – Струга е добра (2,69)[1].

Самоевалуација, број 02-100/25 од 31.08.2022 година
Програма за развој, број 02-92/69 од 19.12.2019 година
Годишна програма, број 02-346/1 од 01.09.2024 година
Годишен извештај број 03-515/1 од 26.12.2023 година
Инклузивен тим на училиштето, Одлука број 03-543/1 од 20.12.2021 година
Тим за меѓуетничка интеграција, Одлука број 03-325/1 од 14.09.2019 година

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Партнер училишта- СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ од Кавадарци, СОУ „Кочо Рацин“ од Свети Николе, ССОУ „ Димитије Чуповски “ од Велес и СОУ„Наум Наумоски-Борче“ од Крушево
Училишен спортски клуб- „Нико 15“
Училиштен парламент-ученичката заедница ја сочинуваат претседателите на ученичките заедници на паралелките по години на образование. Не е избран претседател на ученичка заедница.

## Карактеристики на училиштето

СОУ „Нико Нестор“ - Струга е општинско средно училиште лоцирано во северниот периферен дел од градот Струга. Училиштето е лесно пристапно и безбедно за учениците, родителите и останатите заинтересирани лица.

Училиштето е формирано со решение број 01-6954/1 од 09.07.1960 година од страна на Народниот одбор на општина Струга како градежно-техничко училиште. Во 1979/80 година со интеграција на гимназијата „Браќа Миладиновци“, прераснува во центар за средно образование „Нико Нестор“. Во 2006 година заради обемот и комплексноста на училиштето со решение од Министерството за образование и наука и Советот на Општина Струга се врши раздвојување на две училишта по видот на образование.

Наставата се реализира на македонски и албански наставен јазик. Училиштето поседува решенија за верификација на образовните струки и профили.

Во учебната 2023/2024 година во училиштето се запишани 1406 ученици организирани во 65 паралелки од кои 729 машки и 677 женски во 7 струки и 12 профили.

Наставата во училиштето се изведува во два објекти од тврда градба, 1 барака во која се сместени управата на училиштето, административната служба и библиотеката со вкупна површина од 7.141 метар квадратен. Две спортски сали од кои едната е со површина од 1.545 метри квадратни и е во заедничка сопственост со СОФКА Струга која се користи од страна на училиштето во периодот од 7 до 18 часот и другата со површина од 435 м2 изградена преку проектот на Владата на РСМ и МОН кои ги исполнуваат условите за изведување на наставата по предметот Спорт и спортски активности. Училишниот двор е чист и делумно хортикултурно уреден.

Училиштето располага со добри услови за одвивање на наставниот процес во 40 училници, 2 училници специјализирани за информатика, 1 лабораторија по хемија, специјализирана работилница за: текстилна струка, реална компанија и здравствена струка, клуб за медијација, просторија за виртуелна компанија, 26 кабинети за наставници, 1 просторија за одговорните раководители, 1 просторија за архива, 1 помошна просторија, 2 простории за помошен персонал и 1 работилница за хаусмајстор.

Статут на училиштето број 02-42/17 од 10.11.2007 година има добиено согласност од страна на МОН – Скопје со архивски број 11-319/4 од 12.02.2007 година.

Училиштето остварува континуирана соработка со други училишта, институциите од локалната средина, здруженија на граѓани и невладини организации.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Во средното општинско училиште „ Нико Нестор “- Струга се применуваат наставни планови и програми кои се во согласност со наставните планови и програми за средно стручно образование, изготвени од Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и истите се одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем за економска струка, правна и трговска струка, градежно-геодетска струка, здравствена струка, хемиско-технолошка струка, текстилно-кожарска струка, електротехничка струка и угостителско-туристичка струка.

Наставните планови и програми во електротехничка струка со образовен профил –техничар за компјутерска техника и автомеханика се изработуваат согласно наставните планови за модуларно дизајнирано образование.

Наставните планови и програми во текстилно-кожарска струка за образовниот профил техничар за изработка на облека се изработуваат согласно плановите и програмите за дуално образование во прва и втора година, додека за учениците во трета и четврта година се изработуваат наставни планови и програми согласно наставните планови за модуларно дизајнирано образование.

Во здравствена струка со образовен профил –медицинска сестра и гинеколошко-агушерска сестра наставните планови и програми се изработуваат според дадените насоки од Центарот за стручно образование за модуларно образование.

Во градежно-геодетска струка со образовен профил архитектонски техничар и геодетски техничар се реализираат наставни програми за модуларно образование.

Во економска, правна и трговска струка со образовен профил економски техничар во прва година на македонски наставен јазик се реализираат наставни програми за дуално образование, додека во втора, трета и четврта година се реализираат наставни планови и програми за модуларно образование

Родителите со наставните планови и програми и со активностите на училиштето планирани во Годишната програма за работа се запознаваат преку организирани групни родителски средби.

Во училиштето има двајца ученици со посебни образовни потреби со категоризација. Наставниците во дневните планирања не планираат активности за учениците со посебни образовни потреби. Има ученици и со потешкотии во учењето кои се интегрирани во редовните паралелки, но за овие ученици наставниците не изработуваат посебен индивидуален образовен план.

Покрај редовната настава во училиштето се планира и дополнителна, додатна и изборна настава, проектни задачи, слободни ученички активности и вонннаставни активности. Во рамките на слободните ученички активности се нудат програми од повеќе области кои ги задоволуваат интересите и желбите на учениците. Реализацијата на ученичките екскурзии се врши во согласност со насоките дадени од МОН и планот во годишната програма и програмите на стручните активи. Во училиштето се организира и реализира подготвително - консултативна настава за учениците кои полагаат дополнителни и поправни испити и за вонредни ученици кои заедно со редовните ученици се вклучени при полагање на завршен испит и државна матура.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми од аспект на родова и етничка рамноправност по иницијатива на наставниците.

Постојат примери за интегрирање на особеностите на локалната средина во поголем број на наставни програми. Наставниците преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели.

Постои едукативна поддршка на наставниците во подготвување и осовременување на содржините на наставните програми.

Во Годишниот извештај на училиштето се евидентирани семинарите на кои учествувале наставниците:

- Конференција по англиски јазикна ЕЛТАМ МК
- Представување во медиумите –стреотипи и предрасуди, ЕДУИНО
- Предизвикувачко однесување, справување и добри практики, ЕДУИНО
- Критичко размислување, решавање проблеми и микробит
- Математика и примени
- Вклучување на деца бегалци во редовна настава
- Употреба на техники за фасилирање
- национална работилница „Ефективни механизми за обезбедување на квалитет во работата на КУПР-инструменти“
- учество на обука за предавање на контраверзни теми во рамки на програмата „Клуб за наставници“ 2022.
- развивање креативни вештини преку визуелни приказни.

Дел од наставниците конкретизираат цели за секој наставен час. Наставниците не изработуваат и посебни планирања за работа со деца кои имаат потешкотии во учењето. Наставниците се едуцирани систематски да ги следат постигањата на учениците и дел применуваат нови начини на следење и оценување од кои се очекува да се подобри учењето и мотивацијата кај учениците. Училиштето има изработено Критериуми за оценување и Етички кодекс при оценување, но истите не се истакнати на видно место.

Исто така застапени се и теми за заштита од заразни болести, ментално здравје, зависност од дроги, алкохол и никотин, превенција од насилство.

Во училиштето се застапени активности од ПМИО кои се организираат во склоп на самото училиште а исто така се врши и промовирање на хумани вредности.

Преку многубројните обуки и проекти (Еко-акција, хуманитарен концерт, изложби, турнир за одбојка, хуманитарни забави) се создадени услови во наставните и вонnаставните содржини да се планираат и принципи на ученикот во 21 век како што се почитувањето на мултикултурните разлики и меѓусебното разбирање, партиципирање на учениците на сите нивоа на одлучување во училиштето; унапредување на здравјето на учениците и помагање на истите од секаков вид насилство; подобрување на инклузивноста во училиштето.

## 1.3 Воннаставни активности

Воннаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно- образовна дејност на училиштето. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој, како што се на пример: ученички секции

ученички натпревари, ученички екскурзии, отворени денови на училиштето, училишна, заедница и општествено-корисна и хуманитарна работа. При реализацијата на вонаставни активности училиштето обезбедува услови и настојува:

- вклучување на поголемиот број ученици барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот пол, етничката припадност и социјалното потекло;
- учениците да се вклучуваат во вонаставните активности по сопствен избор;
- учениците да имаат клучна улога во изготвувањето на Програмите за работа на вонаставните активности.

Стекнатите знаења постигнати во редовната настава и вонаставните активности учениците ги презентираат на настапите пред нивните соученици и родителите по повод денот на училиштето и други манифестации и ученички натпревари. Учествуваат на општински, регионални и државни натпревари на кои се добиени пофалници, благодарници за учество и награди.

- на регионалниот натпревар по биологија 2 втори и две трети места.
- учениците од зравствена струка на македонски наставен јазик освоија 3 место на општинскиот натпевар за прва помош.
- најдобар бизнис план УЈИЕ 3 место во склоп на Економската олимпијада.

Во училиштето има формирано спортски клуб „Нико 15“ и истиот во последната година има освоено три втори места на регионални натпревари по ракомет и фустал. Во учебната 2022/23 година училишниот спортски клуб е прогласен за најдобар спортски клуб од страна на АМС и ФУСМ.

Производствената и другата општествено корисна работа на учениците, грижа за здравјето на учениците, ученичката заедница е насочена кон реализирање на планирани активности со програми на училиштето, кои се составен дел на Годишната програма за работа на училиштето а тоа се: Одржување и уредување на училишната зграда и двор, Волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата, Следење и вреднување на реализацијата на општествено-корисната и хуманитарната работа во училиштето.

Ученичките екскурзии како вонаставни активности училиштето ги планира во Годишната програма за работа. Во училиштето на почеток на оваа учебна година организирана е еднодневна екскурзија и тродневна екскурзија низ Европа со учениците од 3 година. Во училиштето се превземаат активности за организирање и реализација на ученички еднодневни екскурзии со претходно дадена релација, изготвен финансиски план за реализација на екскурзијата и добиена согласност од страна на родителите и Бирото за развој на образованието. Во училиштето има изготвени Програми за организирање на екскурзии за учениците.

Во изработката на анализата на состојбата на животната средина вклучени се ученици преку учеството во слободните ученички активности имаат можност за прифаќање на разликите на другите: полот, способноста, етничката и социјална припадност и истите поттикнуваат позитивен став кон наставните предмети, учењето и наставата воопшто од средното училиште во поглед на етничка и полова припадност.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето ги следи постигањата на учениците по наставни предмети и образовни профили за сите класификациони периоди. Постојат полугодишни и годишни извештаи, во кои има показатели за постигањата на учениците, изготвени се табеларни извештаи за средниот успех на учениците по предмети и години. Средниот успех за учебната 2020/2021 изнесува 3,54; во учебната 2021/2022 изнесува 3,62 и во учебната 2022/2023 изнесува 3,60. Од показателите за постигањата на учениците по учебни години се забележува дека во последните неколку учебни години нема големи осцилации на средниот успех на учениците на ниво на училиште, забележано е благо зголемување на успехот.

За последните три учебни години постигнати се значајни успеси на бројни општински, регионални натпревари. Во училиштето се посветува внимание на рамноправниот третман на сите ученици во однос на нивните постигања.

Сите ученици без оглед на пол, социјална, етничка и друга припадност имаат еднакви можности за напредок.

## 2.2 Задржување и осипување на ученици

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот. Постои соработка со основните училишта и релевантните институции за бројот на завршени деветтооделенци од општината и пошироко. Преку кампањи, отворени денови, изработка на промотивни флаери и презентации во повеќе училишта во општините Струга, Дебар, Охрид и Вевчани се преземаат активности за промоција на училиштето, поттикнување на интерес и привлекување на поголем број на ученици.

Во последните три години забележано е зголемување на бројот на оправдани и неоправдани изостаноци. Во учебната 2020/21 направени се вкупно 15.441 изостанок или 21,7 по ученик, во учебната 2021/22 направени се вкупно 28.622 изостаноци или 39,5 по ученик, во учебната 2022/23 се направени вкупно 33.086 изостаноци или 46,7 по ученик. Се следи редовноста на учениците, се анализираат причините и се вложуваат напори за нивно подобрување. Во училиштето нема иднетификувано и не постои посебна група на ученици кои според половата припадност или социјалниот статус на семејството се поизразено подложни на отсуства од настава.

Психолозите во училиштето изработиле Програма за советување на родители. Во последните три учебни години во училиштето остварени се вкупно 580 советувања. Во последните две години во училиштето се изречени 68 педагошки мерки на ученици кои посетуваат настава на македонски наставен јазик и 179 на ученици кои посетуваат настава на албански наставен јазик. Во последните три години отстранет е еден ученик кој следел настава на македонски наставен јазик и 42 ученици кои следеле настава на албански наставен јазик.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Бројот на учениците кои се осипале во последните три години изнесува 132. Сите осипувања се поради заминување во странство.

## 2.3 Повторување на ученици

Во училиштето во последните три учебни години има мал број на ученици кои самоволно го напуштиле училиштето. Во последните три години 17 ученици ја повториле годината.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници.

Наставниците навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава, воннаставните активностии и содржини програмирани од училиштето. Имаат модуларни: годишни и тематски планирања и оперативен план за наставен час.

Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на директорот и стручната служба.

Наставниците при изработка на планирањата се водат од насоките дадени од советниците или договорените процедури на стручните активи. Наставниците изработуваат и планови за дополнителна и додатна настава, планови за примена на информатичко компјутерска технологија, за интегрирање на еко-содржини и активности од МИО.

Во училиштето мал дел од наставниците изработуваат посебни задачи за деца со потешкотии и деца со посебни образовни потреби вклучени во редовната настава. Наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Распоредот на часови го прави наставник според кадровските и просторните можности на училиштето.

## 3.2 Наставен процес

Наставниот кадар користи наставни форми и методи, вклучувајќи и употреба на информатичко компјутерска технологија во наставата, кои соодветствуваат на потребите на учениците.

За потребите на наставата 11 училници се опремени со смарт табли и 12 училници со ЛЦД проектори и 12 лап топ компјутери. Училиштето има специјализиран кабинет по информатика и програмирање, кабинет за градежно – геодетска струка и архитектура, кабинет за геодезија и кабинет за медицинска струка. Во училиштето има лабораторија за хемиско-технолошка струка, прилагодени работилници за текстилна струка и за струката прехрамбен техничар. Училиштето има и работилница за практична настава за електро-техничка струка.

Наставниците користат соодветни методи за работа со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка и ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и работа во компании преку учење преку работа кај работодавач во компаниите.

Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, но недостасуваат учебници особено за стручните предмети. Наставниците користат исклучиво одобрени учебници и дополнителна литература согласно на наставните планови и програми.

За време на часовите има работна атмосфера. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност.

Учениците во склоп на наставните планови реализираат часови со учење преку работа кај работодавач кои се реализираат во компании со кои училиштето има склучено договори и меморандуми за соработка. Практична настава се реализира и во училиштето во кабинети, лаборатории и работилници.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и интеркултурна средина која поттикнува интерес за учење.

Учениците сметаат дека по голем број предмети се учи на интересен начин и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање на проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество.

Трудовите на учениците се изложуваат во холот на училиштето по повод патрониот празник на училиштето и на отворениот ден на училиштето, каде можат да бидат видени од другите ученици, родители, преставници од локалната самоуправа, партнер компаниите и претставници од Министерството за образование и наука.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците но, мал дел преземаат конкретни активности за исполнување на потребите или отстранување на пречките. Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активноста на часовите, интересот на одредени ученици во одредени области .

Во текот на учебната година училиштето планира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области и учествуваат на државни натпревари, истата се реализира од страна на дел од наставниците.

Се вршат консултации со учениците во врска со наставниот процес, разговори за нивните амбиции, индивидуални разговори за разни теми, тестирања за професионална ориентација и разговори за проблеми од лична природа.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Оценувањето се врши континуирано, согласно на правилникот за оценување и план за акција за унапредување на оценувањето на постигањата на учениците. Наставниците редовно прибираат информации за постигањето на учениците и даваат транспарентна повратна информација за оценката на учениците.

Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализи на состојбите во четири класификациони периоди. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување.

Наставниците ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите.

Родителите добиваат пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет. Од родителите се бара да дадат повратна информација за извештајот и се преземаат соодветни активности во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.

# 4 Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупната грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците за време на наставата во училиштето и училишната зграда.

Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците.

Училиштето има пристапна рампа за деца со телесен инвалидитет. Ученичката заедница реализирала активности за поддршка на кампањата за ретки болести „Ретко е да си редок“ , изработки на платнени торби и беџови во боите на ретките болести и новогодишни пакетчиња за децата со посебни потреби.

Во училиштето има формиран инклузивен тим и има Програма за работа.

Учениците со посебни потреби се добро прифатени од соучениците и за нив не се ангажирани образовни асистенти .

Во училиштето има 3 вработени со сертификати за завршена обука за давање прва помош на ученици при несреќни случаи и 7 вработени оспособени за противпожарна заштита.

Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди и истиот е истакнат на видно место со обележени излези.

Училиштето располага со громобранска инсталација за која е извршено мерење и испитување. Училишниот објект и училишната опрема се осигурани, а исто така и учениците се осигурани, а вработените се осигуруваат на доброволна основа.

Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците.

Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата, се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на нивниот престој во училиштето.

Училиштето има Кодекс за безбедно училиште кој е истакнат на видно јавно место достапно на ученици, родители и наставници, а има и реализира Акционен план за безбедно училиште.

Стручната служба има изготвено програми за: „Превенција од насилно однесување“ , „Кариерно советување“ , „Програма за грижа за здравје“, „Програма за безбедни училишта“ и „Програма за советување на ученици и родители“. Во склоп на овие програми планирани се и реализирани се активности за: ученици со емоционални потешкотии, со потешкотии во учењето и редовноста, разрешување на конфликти, грижа за ментално здравје и техники за учење.

Во интерес на превенцијата од насилство и заради одржување добри односи во училишната средина се организираат дежурство на ученици во училница и дежурство на наставници. За дополнителна заштита на учениците училиштето е под видео надзор (влезови, ходници и училишен двор). Во училиштето има и редарска служба поставена на влезовите која е ангажирана за одржување на редот во училиштето.

Училиштето води политика на забрана на пушење, конзумирање алкохол, дистрибуција и конзумирање наркотични супстанции. Во училиштето на видни места се поставени знаци и натписи за забрана на пушење.

Училиштето не нуди организирана исхрана на учениците и нема увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во негова непосредна близина. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.

### 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е добра. Училиштето континуирано води грижа за одржување на хигиената во училиштето.

Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и земјените површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци.

Училиштето најмалку два пати во текот на годината, а по потреба и повеќе, врши дезинфекција, дератизација и дезинсекција на сите простории во училиштето.

Се вршат редовни систематски прегледи на учениците и сите вработени во училиштето.

Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорена процедура за заштита од нејзино ширење. Училиштето има и реализира Програма за грижа за здравјето на учениците.

На учениците кои во одреден период се спречени да ја следат редовната настава од здравствени причини, училиштето им овозможува полагање на испит на годината на крајот на наставната година.

За навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми училиштето има договорени процедури, без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми ) но истите недоволно ги применува.

Во училиштето е формирана Ученичка заедница која има своја Програма за работа како составен дел од Годишната програма. Ученичката заедница има учествувано на трибини, работилници и има реализирано активности од областа на здравјето: Обука од страна на „Црвениот крст“ за укажување на прва помош и дисеминација на соучениците, учество во крводарителски акции со службата за Трансфузиона медицина Струга, поддршка на кампањата за ретки болести „Ретко е да си редок“.

Од страна на одделот за превенција при СВР Струга извршено е едукативно предавање „Заштита од пиротехнички материјали“ и „Безбедност во сообраќајот“ .

Учениците кои обавуваат учење со работа кај работодавач и феријална пракса задолжително реализираат обука за безбедност на работно место и користат заштитна опрема.

СОУ „Нико Нестор“ - Струга е дел од студијата „Однесувања поврзани со здравјето на деца на училишна возраст“ ( физичко, ментално и социјално здравје, ризични однесувања, користење на слободно време, насилство, односи во семејството и односи со врсниците).

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето на учениците им обезбедува јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување. За таа цел организира сопствени

активности: помош во изработка на кратка биографија, мотивационо писмо, подготовка за интервју за работа; врши анкетирање на учениците од завршните години за нивните професионални планови и интереси за образовните институции и навремено ги информира за концепцијата на државна матура, завршен испит и стручен испит.

За професионална ориентација на учениците училиштето користи промотивни материјали (флаери, трибини, посети на училиштето) на образовните институции. Претставници на образовните институции го посетуваат училиштето и оддржуваат презентации, при што учениците ги запознаваат со условите за запишување и програмите.

### 4.4 Следење на напредокот

Во училиштето се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик.

Постои соработка помеѓу раководниот кадар, стручната служба, класните раководители и предметните наставници и родителите за следење на напредокот на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците.

Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и го зајакнува учеството на учениците, родителите, локалната и деловната заедница во училишниот живот.

Има изработено кодекси за сите лица кои се вклучени во воспитно-образовниот процес.

Односите во училиштето нормативно се уредени со: Куќен ред, Кодекс на однесување на учениците, наставниците, другите вработени и родителите, со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето и истите земале активно учество во нивното донесување.

Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Постои професионална соработка помеѓу вработените, а раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржувањето позитивната атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Сите ученици без оглед на полот, способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени од сите во училиштето.

Изработени се Правилник за изрекување на педагошки мерки и Правилник за дежурства на наставниците, кои придонесуваат да постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Во училиштето соодветно се применува Правилникот за изрекување педагошки мерки. Дисциплината во училиштето е добра.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Личните постигања на учениците во училиштето се промовираат на повеќе начини: на патрониот празник на училиштето, на крајот од учебната година и преку социјалните медиуми и веб страната на училиштето.

Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите потенцијали во наставата и воннаставните активности. Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, национално и меѓународно ниво.

Во училиштето има Правилник за пофалби и награди на учениците и на наставниците – ментори, на крајот од учебната година се доделуваат награди на учениците и менторите кои постигнале награди на натпревари. Секоја година се бира ученик на генерацијата согласно на предвидените критериуми во Правилникот.

Се поттикнуваат наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата.

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Се промовираат еднаквоста и правичноста како темелни вредности во односите меѓу вработените, учениците и родителите. Во училиштето се промовираат правата на децата но нема избрано дете - Правобранител.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници.

Развивајќи го мултикултурализмот како вредност, училиштето остварува соработка со СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ од Кавадарци, СОУ „Кочо Рацин“ од Свети Николе, ССОУ „Димитије Чуповски“ од Велес и СОУ„Наум Наумоски-Борче“ од Крушево.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Соработката на училиштето со родителите не е на задоволнително ниво.

Родителите недоволно се вклучени во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа што е потврдено на спроведените анонимни анкети, одржаните состаноци со Советот на родители и Училишниот одбор. За комуникација со родителите се организираат општи и индивидуални родителски средби, приемни и отворени денови за соработка.

Изборот на претставниците во Советот на родители и Училишниот одбор е извршен со демократска процедура. Информациите за работата на училиштето, целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците на јасен, разбирлив и достапен начин им се даваат на сите родители. Нередовно се одржуваат состаноци на Советот на родители кои треба да разгледуваат битни прашања за животот на училиштето. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница.

Постои соработка со невладиниот сектор при обезбедување на поддршка на одредени активности и манифестации што се организираат во училиштето.

Училиштето остварува соработка со локалната и деловната заедница, Црвен Крст, невладиниот сектор и медиумите преку нивно известување.

Воспоставената клима за работа во училиштето е добра.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Воспитно-образовната работа во СОУ „Нико Нестор “ - Струга се реализира во две смени.

Наставата се одвива во две училишни згради и една барака кои се сместени во северниот периферен дел од градот на самиот влез на Струга. Целокупниот училиштен простор е 7.141 м2 и тој се состои од блок I и блок III за изведување на настава и помошни згради (барака и чуварница).

Училиштето располага и со објект дрвена барака (228 м2) во која се сместени управата, административната служба и библиотеката.

Севкупно училиштето располага со: 40 училници, 2 училници специјализирани за информатика, 1 лабораторија по хемија, специјализирани работилници за: текстилна струка, реална компанија и здравствена струка, клуб за медијација, просторија за виртуелна компанија, 26 кабинети за наставници, 1 просторија за одговорните раководители, 1 просторија за архива, 1 помошна просторија, 2 простории за помошен персонал и 1 работилница за хаусмајстор. Објектите освен бараката се од цврста градба и со добри услови за изведување на настава и други воннаставни активности.

Во училиштетето со комјутери комплетно се опремени 4 училници и 6 кабинети по информатика.

Училиштето има уреден двор со површина 16.350 м2 со озеленета површина, чиста и средена за користење од страна на учениците и наставниците за време на одморите.

Училиштето има јасен план и распоред за користење на расположлиите капацитети за настава и воннаставните активности.

Училиштето располага со две спортски сали. Спортската сала со површина од 1.545 метри квадратни е во заедничка сопственост со СОФКА Струга се користи од 7 до 18 часот и нова спортска сала со површина од 435 м2 изградена преку проектот на Владата на РСМ и МОН кои ги исполнуваат условите за изведување на наставата по предметот Спорт и спортски активности.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето не располага со доволно стручна литература, соодветно на стручната застапеност во училиштето, а опременоста со наставни средства не е целосна според предвиденото во наставните програми. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала за кои има систем за следење на нивната употреба, одржување и набавка на нови. Дел од компјутерската опрема е оштетена и не е во функција.

Училишната библиотека располага со 12.974 книги и списанија на македонски, албански, српскохрватски и англиски јазик, односно библиотеката располага со вкупно 1.436 наслови, од кои 540 стручни книги. Библиотеката има податок за вкупнот број на книги по наставен јазик, по лектирни изданија и белетристика и останати жанрови. Книжниот фонд и другата евиденција во библиотеката не се води во електронска форма и нема распоред за начинот и времето на користење. Не се прават анализи за читаноста по возраст и по тип на литература.

Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал, но набавката не ги задоволува реалните потреби на училиштето.

Училиштето има 11 кабинети по струки кои се опремени и од посетата на истите и листата со опременост што ни ја достави училиштето се констатираше дека опременоста е добра, кабинетите се опремени со машини, уреди, апарати и алати кои се во добра состојба.

Снабденоста на учениците со учебници за оваа учебна година не е целосно завршена, недостасуваат учебници за поодделни предмети, најголем дел за наставата по стручните предмети.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Вработените го почитуваат работното време но, во разговор со учениците потврдено е дека дел од наставниците доцнат за време на часот. Остварувањето на работните должности на наставниците и другите работници се следи од страна на директорот и стручните работници.

Училиштето има обезбедено наставен кадар од кои 11 наставници се со несоодветно образование што е спротивно со Законот за наставници и стручни соработници и Законот за средно образование и нормативот за наставен кадар.

Воспитно – образовниот процес во училиштето го реализираат 132 наставници, од кои 93 на неоределено работно време и 39 наставници на определено работно време од кои 11 се со несоодветно високо образование. Училиштето има 6 стручни соработници и тоа: еден училишен педагог, три психолози, двајца библиотекари. Покрај постојниот наставен кадар одредени часови ги дополнуваат наставници од други воспитно-образовни установи.

Работата на наставниците се следи преку евидентни листови и преку водење на професионално досие наменето за стручните соработници и наставниците, преку посета на часови, формални и неформални разговори и консултации со наставниците.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Стручната служба ги следи развојните потреби на наставниот кадар. Континуирано се врши посета на часови од страна на директорот и стручните соработници, како и увид во планирањата. Наставниците добиваат поддршка за нивен професионален развој.

Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потреби за стручно усовршување со цел да се определат приоритети за нивно перспективно стручно оспособување и обука. Училиштето има добра пракса за десеминирање на стекнатите знаења.

Обуките се евидентираат во педагошките досиеја на наставниците и стручните соработници.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Со одлука на Училишниот одбор училиштето има донесено Финансов план за 2023/24 година како и Извештај за финансиското работење на училиштето за предходната учебна година. Истото задолжително го прави секоја година. Редовно добива финансиски средства од буџетот и известува за приходите и расходите и наменски ги троши средствата. Финансиското работење се контролира преку Училишниот одбор.

Училиштето има Правилник за вршење на набаки од мала вредност.

Училиштето остварува приходи од вонредните ученици, а добиените средства се користат за потребите на училиштето и подобрување на постигањата и развојот на училиштето во целина.

За трошењето на финансиските средства од буџетот на училиштето редовно се информираат вработените во училиштето, родителите и локалната заедница.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Во училиштето орган на управување е Училишниот одбор. По својата структура тој е колегијален орган составен од 12 членови, од кои 4 претствници од редот на наставниот кадар и стручната служба, 3 претставници од редот на родителите, 3 претставници од основачот, 1 претставник од Министерството за образование и наука и 1 претставник од деловната заедница без право на глас.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на училишниот одбор се јасно дефинирани во Деловникот за работа. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови. Во пракса се покажало дека во работата на Училишниот одбор потешко се обезбедува присуство на членот на деловната заедница.

За својата работа и одлуките кои ги носи Училишниот одбор обезбедува редовни, сеопфатни и детални информации за другите субјекти вклучени во животот и работата на училиштето. Постои потреба од поредовно запознавање на учениците и родителите со одлуките и работењето на органот на управување.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Во изминатиот период не е организирана обука за членовите на Училишниот одбор. Активно учествува во креирањето на училишната политика, ја дефинира визијата и стратегијата на училиштето, ја надгледува реализацијата, промовира развој и одржува отворен контакт помеѓу училиштето и интересите на заедницата.

Раководниот орган добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од голем број на субјекти во него. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајќи се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот. Успешно раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Директорот е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето.

Директорот има професионалниот однос кон работата, добра комуникација со вработените и се грижи за нивниот професионален развој. Работи на подобрување на стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Преку ангажирање на поголем број на субјекти во училиштето настојува да го подигне квалитетот на наставата. Воспоставува соработка во непосредната и пошироката заедница, вклучувајќи партнерства и со други училишта од државата.

## 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците. Дел од вработените, родителите и учениците земаат учество во креирањето на развојните политики на училиштето. Училиштето работи на поголема вклученост на сите субјекти во креирањето и остварувањето на мисијата и визијата на училиштето.

Училиштето преку одредена процедура ја креира училишната политика. Се стреми кон подобрување на квалитетот на политиките насочени кон унапредување на квалитетот на

работењето на училиштето, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам. Во континуитет работи на намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство и еднаков пристап до квалитетно образование.

# Наоди и препораки

## Силни страни

- Ангажираност на училиштето во подобрување на условите за работа и создавање на еднакви можности за еднакво вклучување на учениците во воспитно-образовниот процес.
- Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување.
- Училиштето има партнерски однос со локалната заедница, невладини организации и други институции.
- Постои координирана и континуирана соработка меѓу Училишниот одбор и Директорот на училиштето.
- Практичната настава е добро организирана и се следи напредокот на учениците.

## Слаби страни

- Зголемен број на изостаноци од наставата од страна на учениците.
- Недоволна вклученост на Советот на родители во работата на училиштето.
- Училиштето нема процедура за грижа за учениците со пречки во развојот.
- Ученичката заедница нема избрано претседател на ученичка заедница, не спроведува доволно активности и не целосно ја реализира својата Програма за работа.

## Препораки

- Училиштето во соработка со родителите да дефинира и преземе активности за подобрување на редовноста на учениците и намалување на бројот на изостаноци.
- Да се поттикне и да се овозможи континуирана работа на Советот на родители.
- Да изготви процедура за грижа за учениците со пречки во развојот.
- Ученичката заедница да избере претседател на ученичка заедница, да се поттикне и да се овозможи активно работење на ученичката заедница и реализација на нивната Програма за работа.

| | |
|---|---|
| Наташа Пинтоска Беќароска , Раководител на инспекцискиот тим | |
| Блерим Села, Инспектор | |

| | |
|---|---|
| Жана Димоска , Инспектор | |
| Виолетка Џутеска , Инспектор | |